ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ул"11 Октомври" бр.18
Скопје 1000
тел: 02/32 35 730
факс: 02/32 96 901
е-пошта:
info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

QF-A-014

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ДЕЛОВНАТА АКТИВНОСТ НА
# ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ
# ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА

**Скопје, август 2018 година**

## Содржина

**РЕЗИМЕ** .......... **3**

**I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА** .......... **4**

**II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА** .......... **9**

**III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)** .......... **11**

**IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА** .......... **14**

**V. РЕДОВНИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА** .......... **18**

- ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ .......... 18
- КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА .......... 18
- ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ .......... 19
- ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА .......... 20
- МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .......... 21
- ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ .......... 21

## РЕЗИМЕ


Во периодот од 01.01.2018 до 30.06.2018 година во Република Македонија се забележани и измерени следните макроекономски показатели :

- Инфлацијата се засилува и се предвидува да изнесува 1,7 проценти до крајот на 2018 година. Во првата половина од 2018 година цените просечно се зголемиле за 0,2 проценти;
- Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) за првото тримесечје од 2018 година е 0,1%;
- Стапката на вработеност е 44,6%, додека стапката на невработеност е 21,6% во првиот квартал на 2018 година;

Вкупниот износ на депозити на население на 30.06.2018 година изнесува 247.369.555 милиони денари или 4,022 милијарди евра или пораст од 7,1% од 31.12.2017 година, што е најголем остварен пораст на депозитите на население во последните три години. Наплатата на премиите во првата половина на 2018 година се одвиваше според редовните процедури, по законски утврдена стапка од 0,25% на годишно ниво и истата го следеше движењето на вкупните депозити на населението.

Инвестициско портфолио во првиот семестар на 2018 година бележи зголемување за 401.670 милиони денари, или за 2,6% во однос на состојбата од 31.12.2017 година односно 6,7% во однос на состојбата од 30.06.2017 година. Фондот учествуваше на 10 аукции на државни записи од Министерството за финансии.

Процесот на обесштетување на штедачи од банки и штедилници кај кои настанал ризичен настан во минатото (стечај или ликвидација) продолжи и во текот на 2018 година, а на 30.06.2018 година достигна висина од 90,9%. Фондот исто така спроведува активности за информирање на штедачите за можноста за обесштетување за оние кои сè уште не побарале остварување на правото за обесштетување.


Директор,
Борче Хаџиев

# I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА

На крајот на месец јуни 2018 година, вкупниот износ на депозити на населението во банкарскиот сектор во Република Македонија изнесуваше 247.370 милиони денари (4,022 милијарди евра). Најголем раст од 1,25% е забележан во февруари 2018 година. Во месец март има пад на растот на штедењето, додека во април и мај е забележан благ пораст. Во јуни 2018 е забележан мал пад на штедењето, што се должи на започнување на летните одмори.

Графикон 1. Месечни движења на депозитите на население во период 01.01 - 30.06.2018 година
(во денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 2. Раст на депозити во % во однос на состојба од 31.12.2017




Растот на депозитите на население е стабилен и континуиран во текот на 2018 година.

Табеларниот и графички приказ на движењето на депозитите на населението во период 30.06.2017 – 30.06.2018 изразен во денари и евра е даден во Прилог 1 на овој извештај.

Во последните три години, односно во годините 2016, 2017 и 2018 полугодишниот раст на депозитите е најголем во последната, 2018 година и изнесува 2,61%.

Графикон 3. Полугодишен раст на депозити на население во последни три години (2016, 2017 и 2018 година)




Најмал, т.е. негативен е растот во 2016 година во износ од -2,5 %, што најверојатно се должи на тогашната политичка криза. Веќе во јуни 2017 се забележува полугодишен раст од 1,02%, а во јуни 2018 истиот е највисок.

Извор: Административни податоци на ФОД

Учеството на денарските депозити во вкупните депозити на населението најголем пораст забележува во месеците март и април 2018 година.

Графикон 4: Учество на денарски и девизни депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2017-30.06.2018 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Структурата на депозитите на население според рочност укажува дека од април до мај 2018 година се јавува зголемување на ороченото штедење, со стагнација во јуни.

Графикон 5: Учество на депозити по видување и орочени депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2017-30.06.2018 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 6: Квартални движења на учество на депозити депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност во однос на вкупни депозити на население изразено во % (IQ, 2017 - IIQ, 2018год)




Извор: Административни податоци на ФОД

Иако депозитите до 30.000 евра имаат поголемо учество во вкупните депозити на население, мора да се забележи дека трендот на зголемување на учеството на депозитите

над 30.000 евра е во постојан пораст значи дека кај штедачите сѐ уште постои интерес да не го дисперзираат ризикот од нецелосно обесштетување во случај на ризичен настан. Овој тренд на зголемување е постојан, што може да се забележи и во линеарниот приказ во Графикон 6. Во Прилог 2 се содржани податоци за кварталните движења на депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на штедачи.

Во првата половина на 2018 година, наплатата на премиите се одвиваше според редовните процедури, по законски утврдена стапка од 0,25% на годишно ниво и истата го следи движењето на вкупните депозити на населението (Графикон 7).

Графикон 7: Движење на износ на премии за период од 31.12.2017-30.06.2018 година

(во милиони денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 8: Движење на стапка на покриеност за период 30.06.2017-30.06.2018 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Стапка на покриеност на депозитите (вкупни парични средства на Фондот во однос на вкупни депозити) во првиот семестар на 2018 година има константен износ, кој во јуни 2018 изнесува 6,55%.

# II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА

## ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ (01. 01 – 01.06.2018)

Инвестициското портфолио на Фондот и во првиот семестар на 2018 година бележи зголемување што соодветствува на прибраните средства на Фондот по основ на премии од неговите членки и на приходите по основ на инвестираните средства во хартии од вредност.

На 30.06.2018 година вкупната состојба на инвестирани средства изнесува 16.148.090.000 денари според нивната номинална вредност односно 16.026.897.761 денари според нивната сегашна вредност (Графикон 9).

Во текот на изминатите шест месеци Фондот учествуваше на аукции за државни записи со рок на достасување од 364 дена. Инвестициско портфолио во првиот семестар на 2018 година бележи зголемување за 401.670.000 денари, или за 2,6% во однос на состојбата од 31.12.2017 година односно 6,7% во однос на состојбата од 30.06.2017 година.

Графикон 9. Движење на инвестициско портфолио 30.06.2017 – 30.06.2018




Извор: Административни податоци на Фондот

Фондот учествуваше на десет аукции на државни записи од Министерството за финансии во согласност со Инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити односно вкупниот износ на инвестициското портфолио на Фондот не надмина 99,00% од збирот на состојбата на вкупните парични средства и состојбата на хартиите од вредност на Фондот на крајот на секој месец. Во однос на планираните пласмани на средства во државни записи во периодот од 01.01.2018 до 30.06.2018 година, индексот изнесува 99,7%, што претставува усогласеност со планот. Во референтниот период имаше измена на каматните стапки на записите со рок на доспевање од 364 денови, која до месец мај 2018 година изнесуваше 1,2% на годишно ниво по што се намали на 1% на годишно ниво. Приходот на Фондот по основ на камата од новите записи во овој период изнесува 37.116.497 денари, а трошоците за провизија за банките-посредници на аукциите изнесува 345.000 денари.

# III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)

Обесштетувањето на депоненти кај членки на Фондот за осигурување на депозити кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот и истата во првиот семестар на 2018 година се извршуваше непречено. Во овој период немаше нов ризичен настан кај членките на Фондот, па оттука обврските на Фондот за осигурување на депозити за обесштетување на депоненти не се изменети и се реализираат согласно ризичните настани кои настанале во минатото.

Во периодот од основање на Фондот, заклучно со првата половина на 2018 година, извршено е обесштетување на депоненти во банки/штедилници кај кои настанал ризичен настан во вкупен износ од 1.371,2 милиони денари (близу 22,3 милиони евра) што претставува 90,09% исплатени обврски од Фондот за обесштетување кон штедачите (Табела 1).

Фондот има неисплатена обврска за обесштетување во износ од 150,9 милиони денари (близу 2,45 милиони евра), што претставува само 9,91% од вкупните обврски за обесштетување.

Доколу пресметаното обесштетување се анализира по групи, т.е. по висина на износ на обесштетување, се утврдува дека во категоријата од 100 до 500 денари, процентот на неисплатено во однос на пресметано обесштетување изнесува дури 96,01%, што значи дека токму малите износи, т.е. нивната неатрактивност е причина што овие износи не се исплатени, т.е. подигнати од страна на депонентите. Како што се зголемува износот на пресметано обесштетување, така се намалува и процентот на неисплатено обесшетување, на пример, во категоријата од 5.000 до 10.000 денари имаме 25,50% неисплатени депоненти во однос на пресметаното обесшетеување во таа категорија или само 3,09% неисплатени штетачи во однос на пресметаното обесштетување во категоријата на максимално обесштетување.

Фондот има за цел да ги заштитува правата на штедачите и оттука согласно новата легислативна рамка, рокот за остварување на право на обесштетување не застарува и може да се оствари во било кој нареден период независно од периодот кога настанал ризичниот настан.

Во текот на првата половина на 2018 година, Фондот за осигурување на депозити учествуваше на сите седници на Одборите на доверители  на банката во стечај, Експорт – Импорт Банка а.д. Скопје во стечај, во улога на доверител со приоритетно право на наплата.

Табела 1. Обесштетување на депоненти кај членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан до 30.06.2018 година

(во денари)

| Ред.број | Име на банка/ штедилница | Вкупни депозити | Пресметано обесштетување | Исплатено обесштетување | % исплатено / пресметано |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Штедилница Уни-проком Скопје | 7.881.535 | 5.118.309 | 4.919.527 | 96,12% |
| 2 | Алмако банка а.д. Скопје | 2.850.307 | 1.784.964 | 381.205 | 21,36% |
| 3 | Митштедилница - Куманово | 6.790.124 | 6.769.326 | 6.767.552 | 99,97% |
| 4 | А.Д. Радобанк Скопје | 86.224.736 | 76.005.556 | 72.412.381 | 95,27% |
| 5 | Штедилница Киро Ќучук - Велес | 3.351.082 | 3.318.630 | 3.239.487 | 97,62% |
| 6 | Експорт импорт банка а.д. Скопје | 106.227.033 | 95.608.486 | 92.386.606 | 96,63% |
| 7 | Македонска банка а.д. - Скопје | 1.543.168.575 | 1.304.590.349 | 1.162.264.872 | 89,09% |
| 8 | Штедилница ""Фершпед"" Д.О.О. Скопје | 6.218 | 6.218 | 0 | 0,00% |
| 9 | Штедилница ИНКО д.о.о. Скопје | 11.927.740 | 11.771.613 | 11.630.312 | 98,80% |
| 10 | Штедилница Интерфалко д.о.о. - Скопје | 17.832.485 | 17.832.485 | 17.824.557 | 99,96% |
| 11 | Штедилница АМ Скопје | 0 | 0 | 0 | 0,00% |
| | **Вкупно** | **1.786.259.832** | **1.522.805.933** | **1.371.826.499** | **90,09%** |

Извор: Административни податоци на ФОД

# IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА

**Остварени финансиски резултати за период 01.01.2018 – 30.06.2018 година**

Финансиски резултати Фондот за осигурување на депозити во првата половина од годината се во рамки на планираната динамика и нема отстапувања и остварени се како што следи:

Табела 2. Финансиски резултати на Фондот
од 01.01.2018 до 30.06.2018 година *во денари*

| Опис | |
|---|---|
| Приходи | 130.898.569 |
| Расходи | 7.805.430 |
| Бруто добивка | 123.093.139 |
| Данок на добивка | 12.310.530 |
| Нето добивка | 110.782.609 |

Извор: Административни податоци на Фондот

Табела 5. Состојба на средствата и обврските на
Фондот на 30.06.2018 година *во денари*

| Опис | |
|---|---|
| **Средства** | **16.215.042.333** |
| *Нематеријални средства* | 558.486 |
| *Материјални средства* | 22.456.232 |
| *Вложувања* | 16.026.897.762 |
| *Парични средства* | 162.316.052 |
| *Побарувања* | 2.813.801 |
| **Капитал, резерви и обврски** | **16.215.042.333** |
| *Капитал* | 10.299.958 |
| *Резерви на сигурност* | 16.093.844.244 |
| *Акумулирана добивка* | 110.782.609 |
| *Останати краткорочни обврски* | 115.522 |

Извор: Административни податоци на Фондот

## Биланс на состојба на ден 30.06.2018 година

во илјади денари

| Опис | Состојба 31.12.2017 | % | План 31.12.2018 | % | Состојба 30.06.2018 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **СРЕДСТВА** | **15.804.898** | **100,00** | **16.651.687** | **100,00** | **16.215.042** | **100,00** | **102,60** | **97,38** |
| *Нематеријални средства* | *674* | *0,00* | *443* | *0,00* | *559* | *0,00* | *82,94* | *126,19* |
| Софтвер и други слични права | 674 | 0,00 | 443 | 0,00 | 559 | 0,00 | 82,94 | 126,19 |
| | | | | | | | | |
| *Материјални средства* | *23.156* | *0,15* | *21.722* | *0,13* | *22.456* | *0,14* | *96,98* | *103,38* |
| Недвижности | 21.879 | 0,14 | 21.071 | 0,13 | 21.475 | 0,13 | 98,15 | 101,92 |
| Опрема | 1.277 | 0,01 | 651 | 0,00 | 981 | 0,01 | 76,82 | 150,69 |
| | | | | | | | | |
| *Вложувања* | *15.612.007* | *98,78* | *16.459.403* | *98,85* | *16.026.898* | *98,84* | *102,66* | *97,37* |
| Шестмесечни записи | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| Дванаесетмесечни записи | 15.612.007 | 98,78 | 16.459.403 | 98,85 | 16.026.898 | 98,84 | 102,66 | 97,37 |
| | | | | | | | | |
| *Парични средства, побарувања, разграничувања* | *169.061* | *1,07* | *170.119* | *1,02* | *165.129* | *1,02* | *97,67* | *97,07* |
| Парични средства | 168.940 | 1,07 | 170.064 | 1,02 | 162.315 | 1,00 | 96,08 | 95,44 |
| 1.Парични средства | 168.872 | 1,07 | 170.001 | 1,02 | 162.237 | 1,00 | 96,07 | 95,43 |
| 2.Бизнис картичка | 46 | 0,00 | 45 | 0,00 | 64 | 0,00 | 139,13 | 142,22 |
| 3.Благајна | 22 | 0,00 | 18 | 0,00 | 14 | 0,00 | 63,64 | 77,78 |
| Побарувања | 68 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2.814 | 0,02 | 4.138,24 | |
| 1.Побарувања по основ премии | 68 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1.593 | 0,01 | 2.342,65 | |
| 2.Останати побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 3.Аконтации на данок на добивка | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1.221 | 0,01 | | |
| Разграничувања | 53 | 0,00 | 55 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 1.АВР | 53 | 0,00 | 55 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **15.804.898** | **100,00** | **16.651.687** | **100,00** | **16.215.042** | **100,00** | **102,60** | **97,38** |
| *Капитал и резерви* | *15.800.491* | *99,97* | *16.651.543* | *100,00* | *16.214.927* | *100,00* | *102,62* | *97,38* |
| Уплатен капитал | 10.300 | 0,07 | 10.300 | 0,06 | 10.300 | 0,06 | 100,00 | 100,00 |
| Фонд за сигурност | 15.500.582 | 98,07 | 16.386.363 | 98,41 | 16.093.844 | 99,25 | 103,83 | 98,21 |
| Добивка за годината | 289.609 | 1,83 | 254.880 | 1,53 | 110.783 | 0,68 | 38,25 | 43,46 |
| | | | | | | | | |
| *Тековни обврски* | *4.407* | *0,03* | *144* | *0,00* | *115* | *0,00* | *2,61* | *79,86* |
| Обврски за штети | 8 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | |
| Останати обврски | 4.399 | 0,03 | 144 | 0,00 | 115 | 0,00 | 2,61 | 79,86 |
| 1.Останати краткорочни обврски | 4.399 | 0,03 | 144 | 0,00 | 115 | 0,00 | 2,61 | 79,86 |
| 2.ПВР | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |

## Биланс на успех за период од 01.01.2018 до 30.06.2018 година

во илјади денари

| Опис | 01.01- 31.12.2017 | % | План 31.12.2018 | % | 01.01- 30.06.2018 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **ПРИХОДИ** | **335.567** | **100,00** | **298.660** | **100,00** | **130.899** | **100,00** | **39,01** | **43,83** |
| 1.Државни записи - шестмесечни | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 2.Државни записи - дванаесетмесечни | 335.292 | 99,92 | 298.610 | 99,98 | 130.895 | 100,00 | 39,04 | 43,83 |
| 3.Депозити по видување-НБРМ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 4.Депозити по видување-деловни банки | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 5.Казнена камата по основ премии | 275 | 0,08 | 50 | 0,02 | 4 | 0,00 | 1,45 | 8,00 |
| 6.Камата од банки исплатувач | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 7.Позитивни курсни разлики | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 8.Вонредни приходи | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| | | | | | | | | |
| **РАСХОДИ** | **13.773** | **100,00** | **15.454** | **100,00** | **7.806** | **100,00** | **56,68** | **50,51** |
| 1.Трошоци за услуги | 1.240 | 9,00 | 2.026 | 13,11 | 802 | 10,27 | 64,68 | 39,59 |
| 2.Амортизација и обезвреднување | 1.711 | 12,42 | 1.716 | 11,10 | 816 | 10,45 | 47,69 | 47,55 |
| 3.Материјални трошоци | 607 | 4,41 | 723 | 4,68 | 315 | 4,04 | 51,89 | 43,57 |
| 4.Останати трошоци од работа | 1.104 | 8,02 | 1.680 | 10,87 | 970 | 12,43 | 87,86 | 57,74 |
| 5.Трошоци за вработените | 9.111 | 66,15 | 9.309 | 60,24 | 4.903 | 62,81 | 53,81 | 52,67 |
| 6.Негативни курсни разлики | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| | | | | | | | | |
| **Бруто добивка** | **321.794** | | **283.206** | | **123.093** | | **38,25** | **43,46** |
| **Данок на добивка** | **32.185** | | **28.326** | | **12.310** | | **38,25** | **43,46** |
| **Нето добивка** | **289.609** | | **254.880** | | **110.783** | | **38,25** | **43,46** |

# V. РЕДОВНИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 30.06.2018 ГОДИНА

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Органите за управување на Фондот ги сочинуваат Управниот одбор и директорот.

Составот на Управниот одбор е сочинет од 5 члена именувани од Владата на Република Македонија.

Членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити се:

- Сузана Пенева - Државен советник во Министерство за финансии, Претседател на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити
- Елена Трпковска - Државен секретар во Министерство за финансии;
- Ленче Тагасовска - Раководител на сектор за финансиски систем во Министерството за финансии.
- Нора Манова – Трајковска - Самостоен советник во Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива во Народна Банка на Република Македонија
- Милена Перчинкова - претставник на Здружението на банкарство на Република Македонија.

## КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во првата половина на 2018 година во Фондот се вработени вкупно 10 лица. Органограмот на работните места во 2018 година во Фондот за осигурување на депозити е прикажан на слика бр. 1

Слика 1. Органограм на работни места во Фондот за осигурување на депозити за 2018 година



## ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ






**ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА**

Во првата половина на 2018 година се одржаа 5 седници на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, и тоа од 5-та седница заклучно со 9-та седница.
Позначајни одлуки кои беа донесени во првата половина на 2018 година се:

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот и обврските на Фондот за осигурување на депозити со состојба на 31.12.2017 година;
- Одлука за пренесување на обврските на депонентите на Штедилница Интер Фалко доо Скопје во ликвидација во резервите на сигурност на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за усвојување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година;
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити 2017 година;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година;
- Одлука за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2017 година;
- Одлука за дополнување на Правилникот за инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за усвојување на Нацрт на Финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2017 година;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2017 година;
- Финансиските извештаи и извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2017 година;
- Одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Управен одбор на Фондот за осигурување на депозити Скопје;
- Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити.

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Во текот на првата половина на 2018 година продолжи редовната соработка на Фондот со Европскиот Форум на осигурители на депозити, Светската асоцијација на осигурители на депозити, како и Фондовите за осигурување на депозити од земјите од регионот.

По покана на Светската асоцијација на осигурители на депозити во март 2018 година, претставници на ФОД учествуваа на една од најважните светски конференции на осигурители на депозити која се одржа во Неапол, Италија.
Во март (Амстердам, Холандија) и јуни (Будва, Црна Гора) 2018 година, ФОД учествуваше и на работилниците на ЕФДИ групата за Односи со јавност, како една од нејзините најактивни членки. ФОД од Република Македонија планира да биде домаќин на работилница на ЕФДИ групата за Односи со јавност во пролет 2019 година.
Во јули 2018 година, по покана на Фондот за осигурување на депозити од Црна Гора, наша делегација на чело со директорот учествуваше на шестиот Регионален состанок на Фондовите од Балканот, кој се одржа на Тара, Грна Гора.

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

Во Фондот се спроведоа и редовните јавни набавки (обезбедување, осигурување, набавка на средства за хигиена и други потребни производи).

До крајот на 2018 година, Фондот ќе продолжи со остварување на своите планирани активности. Позначајни ризици кои би можеле да влијаат на извршувањето на редовните функции на Фондот не се предвидени за наредниот период.

Директор на Фондот
**Борче Хаџиев**

Наш број 02-287/2
Скопје 25.9.2018 година

**Прилог 1. Преглед на динамиката на состојбата на депозитите на физичките лица кај банките и штедилниците - членки на Фондот во периодот 30.06.2017 - 30.06.2018 година**

(во милиони денари/евра)

| Датум | 30.06.2017 | 31.07.2017 | 31.08.2017 | 30.09.2017 | 31.10.2017 | 30.11.2017 | 31.12.2017 | 31.01.2018 | 28.02.2018 | 31.03.2018 | 30.04.2018 | 31.05.2018 | 30.06.2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба(000 ден)** | 229.871.987 | 229.021.162 | 230.283.704 | 231.990.091 | 232.577.240 | 233.904.887 | 241.015.985 | 240.084.830 | 243.078.526 | 243.892.395 | 245.115.904 | 246.590.622 | 247.369.555 |
| **Курс на крајот од периодот** | 61,7033 | 61,5594 | 61,6927 | 61,6480 | 61,4790 | 61,6357 | 61,4907 | 61,5388 | 61,6647 | 61,4950 | 61,4933 | 61,5140 | 61,4939 |
| **Состојба курс на крај од период (000 EUR)** | 3.725.441 | 3.720.328 | 3.732.755 | 3.763.141 | 3.783.036 | 3.794.958 | 3.919.552 | 3.901.357 | 3.941.940 | 3.966.052 | 3.986.059 | 4.008.691 | 4.022.668 |
| *Раст м/м (ден)* | 0 | -850.825 | 1.262.542 | 1.706.387 | 587.149 | 1.327.647 | 7.111.098 | -931.155 | 2.993.696 | 813.869 | 1.223.509 | 1.474.718 | 778.933 |
| *Раст м/м (ЕУР)* | 0 | -5.113 | 12.426 | 30.386 | 19.895 | 11.922 | 124.594 | -18.195 | 40.583 | 24.113 | 20.006 | 22.632 | 13.977 |
| курсни разлики (EUR) | 0 | 8.676 | -8.083 | 2.727 | 10.371 | -9.673 | 9.221 | -3.052 | -8.065 | 10.914 | 110 | -1.349 | 1.314 |
| *Раст % м/м (ден)* | *100* | *-0,37%* | *0,55%* | *0,74%* | *0,25%* | *0,57%* | *3,04%* | *-0,39%* | *1,25%* | *0,33%* | *0,50%* | *0,60%* | *0,32%* |
| *Раст % м/м (ЕУР)* | *100* | *-0,14%* | *0,33%* | *0,81%* | *0,53%* | *0,32%* | *3,28%* | *-0,46%* | *1,04%* | *0,61%* | *0,50%* | *0,57%* | *0,35%* |
| *Раст м/г(ден)* | *0* | -850.825 | 411.717 | 2.118.104 | 2.705.253 | 4.032.900 | 11.143.998 | 10.212.843 | 13.206.539 | 14.020.408 | 15.243.917 | 16.718.635 | 17.497.568 |
| *Раст м/г(EUR)* | *0* | -5.113 | 7.314 | 37.700 | 57.595 | 69.517 | 194.111 | 175.916 | 216.499 | 240.612 | 260.618 | 283.250 | 297.227 |
| *Раст % м/г(ден.)* | *100* | *-0,37%* | *0,18%* | *0,92%* | *1,18%* | *1,75%* | *4,85%* | *4,44%* | *5,75%* | *6,10%* | *6,63%* | *7,27%* | *7,61%* |
| *Раст % м/г (ЕУР)* | *100* | *-0,14%* | *0,20%* | *1,01%* | *1,55%* | *1,87%* | *5,21%* | *4,72%* | *5,81%* | *6,46%* | *7,00%* | *7,60%* | *7,98%* |

Извор: Административни податоци на ФОД

**Прилог 2. Табеларни податоци на кварталните движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити**

Табела: Преглед на кварталните движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на штедачи кај банките и штедилниците – членки на Фондот во период од прв квартал 2017 година заклучно со втор квартал 2018 година

| | Опис | 1 / 2017 | 2 / 2017 | 3 / 2017 | 4 / 2017 | 1 / 2018 | 2 / 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Депозити на население во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 128.022.576.529,87 | 129.022.691.354,09 | 129.010.522.527,20 | 133.901.850.932,90 | 134.777.969.693,93 | 136.380.817.553,05 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 98.770.713.621,48 | 99.827.846.592,99 | 101.916.954.945,60 | 106.028.383.179,29 | 108.034.614.395,59 | 109.865.275.263,57 |
| | Вкупно | 226.793.290.151,35 | 228.850.537.947,08 | 230.927.477.472,80 | 239.930.234.112,19 | 242.812.584.089,52 | 246.246.092.816,62 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 41.556.394.101,00 | 41.775.602.232,00 | 43.032.517.440,00 | 42.662.862.567,00 | 43.656.530.400,00 | 44.425.038.177,00 |
| Број на поединечни штедачи во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 3.089.119 | 3.115.140 | 3.120.068 | 3.058.237 | 3.017.792 | 2.987.796 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 22.453 | 22.568 | 23.336 | 23.127 | 23.664 | 24.081 |
| | Вкупно | 3.111.572 | 3.137.708 | 3.143.404 | 3.081.364 | 3.041.456 | 3.011.877 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **169.578.970.630,87** | **170.798.293.586,09** | **172.043.039.967,20** | **176.564.713.499,90** | **178.434.500.093,93** | **180.805.855.730,05** |
| Депозити на население во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 704.964.483,00 | 699.575.324,00 | 698.660.724,00 | 697.988.036,00 | 697.320.641,00 | 709.031.915,00 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 157.886.794,00 | 157.332.102,00 | 165.369.757,00 | 204.014.506,00 | 213.558.886,00 | 243.470.683,00 |
| | Вкупно | 862.851.277,00 | 856.907.426,00 | 864.030.481,00 | 902.002.542,00 | 910.879.527,00 | 952.502.598,00 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 118.452.288,00 | 118.470.336,00 | 125.394.720,00 | 136.509.354,00 | 140.208.600,00 | 156.809.445,00 |
| Број на поединечни штедачи во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 31.066 | 30.981 | 30.988 | 31.086 | 31.214 | 31.303 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 64 | 64 | 68 | 74 | 76 | 85 |
| | Вкупно | 31.130 | 31.045 | 31.056 | 31.160 | 31.290 | 31.388 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **823.416.771,00** | **818.045.660,00** | **824.055.444,00** | **834.497.390,00** | **837.529.241,00** | **865.841.360,00** |
| Вкупно депозити на население во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 128.727.541.012,87 | 129.722.266.678,09 | 129.709.183.251,20 | 134.599.838.968,90 | 135.475.290.334,93 | 137.089.849.468,05 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 98.928.600.415,48 | 99.985.178.694,99 | 102.082.324.702,60 | 106.232.397.685,29 | 108.248.173.281,59 | 110.108.745.946,57 |
| | Вкупно | 227.656.141.428,35 | 229.707.445.373,08 | 231.791.507.953,80 | 240.832.236.654,19 | 243.723.463.616,52 | 247.198.595.414,62 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 41.674.846.389,00 | 41.894.072.568,00 | 43.157.912.160,00 | 42.799.371.921,00 | 43.796.739.000,00 | 44.581.847.622,00 |
| Број на поединечни штедачи во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 3.120.185 | 3.146.121 | 3.151.056 | 3.089.323 | 3.049.006 | 3.019.099 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 22.517 | 22.632 | 23.404 | 23.201 | 23.740 | 24.166 |
| | Вкупно | 3.142.702 | 3.168.753 | 3.174.460 | 3.112.524 | 3.072.746 | 3.043.265 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **170.402.387.401,87** | **171.616.339.246,09** | **172.867.095.411,20** | **177.399.210.889,90** | **179.272.029.334,93** | **181.671.697.090,05** |
| Вкупно депозити на население кај членките на Фондот | (извор - членки на Фондот) | 227.656.141.428,35 | 229.707.445.373,08 | 231.791.507.953,80 | 240.832.236.654,19 | 243.723.463.616,52 | 247.198.595.414,62 |
| | (извор - НБРМ) | 227.818.566.000,00 | 229.871.987.000,00 | 231.990.091.000,00 | 241.015.985.000,00 | 243.892.395.000,00 | 247.369.555.000,00 |
| | разлика | -162.424.571,65 | -164.541.626,92 | -198.583.046,20 | -183.748.345,81 | -168.931.383,48 | -170.959.585,38 |
| Вкупни средства на фондот | | 16.190.806.371,00 | 16.190.806.371,00 | 16.190.806.371,00 | 16.190.806.371,00 | 16.190.806.371,00 | 16.190.806.371,00 |